**ОПШТИНА ГРАДСКО**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ГРАДСКО ЗА 2022 ГОДИНА

Предлагач:
Градоначалник на Општина Градско
Киро Нацков

Изготвил:
Одделение за финансиски прашања
Елена Смилкова

*Градско, Февруари 2023 година*

Содржина:

- Вовед______________________________________________________

- Годишна сметка / наративен дел
- Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност
- Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капителните и блок дотации, дотациите за делегирани надлежности
- Изјава од одговорниот сметководител
- Прилози
- Бруто биланс сметка Буџет
- Биланс на состојба сметка Орган

## 1. Вовед

### Основни податоци за Општината

Број на жители: 3.233 жители
Површина и населени места : Нејзината територија зафаќа површина 290 km², со 16 населени места од кои 10 се активни села.

Територијата на Општина Градско се наоѓа во средното Повардарие, односно од двете страни на реката Вардар пред влезот во Тиквешката Котлина во средишниот дел на Македонија. Целата територија на Општина Градско е сместена во долината на Вардар, а токму во Општина Градско во реката Вардар се влеваат двете нејзини најголеми притоки, Брегалница од левата и Црна Река од десната страна. Ова укажува на поволната хидрографска состојба во Општината што е пак главна причина и услов за одличните услови и развој на градинарството. Во западниот дел на Општина Градско се протега планината Клепа, на која се развиени идеални услови за сточарство.

### Надлежност

Согласно одредбите на Законот за локална самоуправа и Статутот на општина Градско во кои е уредено вршењето на работите од јавен интерес, како и работите кои не се исклучени од надлежност на општините или не се во надлежност на државните органи, Општината врши работи од јавен интерес од локално значење. Во таа насока надлежности, односно работи од јавен интерес од локално значење се:

- Урбанистичко планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење, уредување на просторот и на градежното земјиште;
- Заштита на животната средина и природата, со преземање на мерки зазаштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето;
- Локален економски развој, водење на локална економска политика;
- Комунални дејности, пред се снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, пречистување на отпадни води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота, собирање, транспортирање на комунален цврст и технолошки отпад, изградба, одржување и реконструкција на локални па- тишата и друг вид комунални дејности;
- Култура, преку институционална и финансиска поддршка на културнитеустанови и проекти;
- Образование, основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт;
- Социјална и детска заштита, изградба и одржување на детски градинки и домови за стари, социјална грижа за инвалидните лица, деца со посебни потреби, деца без родители и друго;
- Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнувања, природни непогоди;
- Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;
- Надзор над вршењето на работите од нејзината надлежност.

**Буџет и Одлука за извршување на Буџетот на Општината**

Претпоставките врз основа на кои се заснива подготвувањето на Буџетот на Општина Градско произлегуваат од законските и подзаконските прописи со кои се уредени правата, обврските и надлежностите на Општината Градско, Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. 5/2002), Законот за финансирање на едниците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.244/19, 53/21, 77/21 и 150/21 и 173/22), Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21) макроекономските индикатори, фискалната политика на Владата на Република Северна Македонија, вклучувајќи ги и основните насоки за поготовка на Буџетот за 2022 година добиени од Министерството за Финансии на Република Северна Македонија.

Советот на Општина Градско на седница одржана на ден 28.12.2021 година, го донесе Буџетот на Општина Градско за 2022 година. На истата седница е донесена и Одлуката за извршување на буџетот на Општина Градско за 2022 година.

Во текот на 2022 година се донесени три Одлуки за измена и дополнувања на Буџетот на Општина Градско за 2022 година и тоа на: 7-та седница одржана на ден 31.03.2022 година, 12-та седница одржана на ден 07.09.2022 година и на 14-тата седница одржана на ден 14.11.2022 година.

Усвоена е една Измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Градско за 2022 година донесена на 12 (дванаесетата) седница одржана на ден 07.09.2022 година.

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## 2. ГОДИШНА СМЕТКА

## 2.1. ПРИХОДИ НА ОПШТИНАТА

Успешноста на планирањето се согледува низ споредбени показатели или соодност на планираните и реализираните приходи во буџетот.

Тие показатели ќе ја дадат и оценката за успешноста во работењето на даночната администрација пред се во планирањето и наплатата на сопствените општински приходи, како и напорите кои ги прават органите на општина Градско со цел обезбедување на дополнителни средства од програмите на надлежните министерства и донации од земјата и странство со што би се реализирале одредени проекти потребни за општината.

### На сметката Основен буџет на Општина Градско планирани се и реализирани следните приходи

| | Планирани | Реализирани | % на реализација |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **45.463.578** | **45.947.132** | **101,06** |
| **71 Даночни приходи** | **8.680.000** | **8.428.635** | **97,10** |
| 711 Данок од доход, добивка и капитални добивки | 480.000 | 546.150 | 113,78 |
| 713 Даноци на имот | 3.200.000 | 4.203.970 | 131,37 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 5.000.000 | 3.678.515 | 73,57 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **72 Неданочни приходи** | **280.000** | **961.277** | **343,31** |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 150.000 | 158.141 | 105,43 |
| 723 Такси и надоместоци | 0 | 0 | 0,00 |
| 725 Други неданочни приходи | 130.000 | 803.136 | 617,80 |
| **73 Капитални приходи** | **7.822.392** | **13.173.467** | **168,41** |
| 733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 7.822.392 | 13.173.467 | 168,41 |
| **74 Трансфери и донации** | **28.681.186** | **23.383.753** | **81,53** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 28.002.103 | 23.383.753 | 83,51 |
| 742 Донации од странство | 679.083 | 0 | 0,00 |




*сл.1 Вкупни приходи сметка Основен буџет*

*Графички вкупните приходи на основниот буџет се прикажани на слика 1. Од сликата можат да се утврдат позитивните и/или негативните трендови на планирање или отстапувања доколку за истите се утврди дека ги има.*

**71 Планираните даночни приходи се остварени со 97,10%**

Ставка 711 - Данок од доход, од добивка, и од капитални добивки, од планираните 480.000,00 денари од вкупниот буџет, отварени приходи се во износ од 546.150,00 денари или 113,78%.

Ставка 713 - Данок на имот од планираните во вкупниот буџет 3.200.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 4.203.970,00 денари или 131,37%.

Ставка 717 - Данок на специфични услуги од планираните 5.000.000,00 денари остварени приходи се во износ од 3.678.515,00 денари или 73,57%.

**72 Планираните неданочни приходи се остварени со 343,31%**

Ставка 722 - Глоби, судски и административни такси од планираните 150.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 158.141,00 денари или 105,43%.

Ставка 725 - Други неданочни приходи од планираните 130.000,00 денари,остварени приходи се во износ од 803.136,00 денари или 617,80%.

**73 Планираните капитални приходи остварени се со 168,41%**

Ставка 731-Продажба на капитални средства планирани средства се 7.822.392,00 денари, а остварени се приходи од 13.173.467,00 денари или 168,41%.

**74 Планираните трансфери и донации оставарени се со 81,53%**

Ставка 741-Трансфери од други нивоа на власт од планираните 28.002.103,00денари, остварени се приходи во износ од 23.383.753,00 денари или 83,51%.

**Вкупните приходи на основниот Буџет на Општина Градско во 2022 година се реализирани со 101,06 %.**

## На сметката Самофинансирачки активности планирани се и реализирани следните приходи

| | Планирани | Реализирани | % на реализација |
|---|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **95.000** | **45.720** | **48,13** |
| **71 Даночни приходи** | 0 | 0 | 0 |
| 711 Данок од доход, добивка и капитални добивки | 0 | 0 | 0 |
| **72 Неданочни приходи** | **95.000** | **45.720** | **48,13** |
| 721 Претприемачки приход и приход од имот | 0 | 0 | 0 |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 0 | 0 | 0 |
| 723 Такси и надоместоци | 95.000 | 45.720 | 48,13 |
| 725 Други неданочни приходи | 0 | 0 | 0 |
| **74 Трансфери и донации** | **0** | **0** | **0** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 0 | 0 | 0 |




*сл.2 Вкупни приходи сметка Самофинсирачки активности*

**Вкупните приходи на сметката Самофинансирачки активности се реализирани со 48,13%.**

Пооделно остварувањето на приходите кај локалните јавни установи Советот на Општина Градско ќе може да ги констатира преку разгледување на завршните сметки на локалните јавни установи, конкретно на сметката на ООУ “Даме Груев” Градско.

### На сметката Дотации планирани се и реализирани следните приходи

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **34.876.877** | **34.023.468** |
| **74 Трансфери и донации** | **34.876.877** | **34.023.468** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 34.876.877 | 34.023.468 |




***сл.3 Вкупни приходи сметка Дотации***
*Графичкиот приказ покажува колку средства се остварени на наменската сметка за блок дотации*

**Во сметката за Дотации планирани се приходи со вкупен износ 34.876.877,00 денари, на оваа сметка има остварување на приход од 34.023.468,00 денари или 97,55% средства кои ги добива општината како блок дотација за основно образование.**

### На сметката Донации планирани се и реализирани следните приходи

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **532.000** | **283.096** |
| **74 Трансфери и донации** | **532.000** | **283.096** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 0 | 0 |
| 742 Донации од странство | 0 | 283.096 |
| 744 Тековни донации | 532.000 | 0 |




***сл.4 Вкупни приходи сметка Донации***
*Графичкиот приказ покажува колку средства се остварени од Донации локалните јавни установи*

До крајот на 2022 година остварени се приходи по основ на Донации и тоа:

**Во сметките за Донации планирани со вкупен износ 532.000,00 денари донациите на основните училишта, на оваа сметка има остварување на приход од 283.096,00 денари или 53,21%.**

## 2.2 РАСХОДИ НА ОПШТИНАТА

Законските прописи и програмското планирање се основа за планирање на расходната страна на буџетот на Општина Градско. Под програмско планирање се донесените програмите од страна на Советот на Општина Градско утврдени согласно со надлежностите.

Расходната страна на Основниот буџет на Општината Градско може да се прикажува по видови по сметки и програми. Согласно програмската класификација во Буџетот на Општина Градско се опфатени 22 програми. Реализацијата на расходите во текот на цела 2022 година е извршена како резултат на спроведени **29 постапки за јавни набавки**, добиени **522 фактури** во одделението за финансиски прашања и други расходи предвидени согласно Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. 5/2002) и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на Р.М. бр 61/04, 96/04 и 156/09).

**На сметката на основниот буџет на Општина Градско планирани се и реализирани следните расходи**

| | Планирани | Реализирани | % на реализација |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **45.463.578** | **44.482.854** | **97,84** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **11.037.271** | **10.622.446** | **96,24** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 7.003.111 | 6.726.359 | 96,05 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 2.697.500 | 2.566.838 | 95,16 |
| 404 Надоместоци | 1.336.660 | 1.329.249 | 99,45 |
| **41 Резерви и недефинирани расходи** | **250.000** | **245.222** | 98,09 |
| 413 Тековни резерви | 250.000 | 245.222 | 98,09 |
| **42 Стоки и услуги** | **10.561.000** | **10.050.927** | **95,17** |
| 420 Патни и дневни расходи | 80.000 | 46.056 | 57,57 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 2.751.000 | 2.698.141 | 98,08 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали запоправка | 860.000 | 849.362 | 98,76 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 2.440.000 | 2.203.702 | 90,32 |
| 425 Договорни услуги | 1.490.000 | 1.475.071 | 99,00 |
| 426 Тековни расходи | 1.340.000 | 1.183.605 | 88,33 |
| 427 Привремени вработувања | 1.600.000 | 1.594.990 | 99,69 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **1.487.380** | **1.450.709** | **97,53** |
| 463 Трансфери до невладини организации | 900.000 | 872.000 | 96,89 |
| 464 Разни трансфери | 587.380 | 578.709 | 98,52 |
| **47 Социјални бенифиции** | **200.000** | **199.888** | **99,94** |
| 471 Социјални надоместоци | 200.000 | 199.888 | 99,94 |
| **48 Капитални расходи** | **21.927.927** | **21.913.662** | **99,93** |
| 480 Купување на опрема и машини | 1.863.000 | 1.860.795 | 99,88 |
| 482 Други градежни објекти | 19.989.927 | 19.989.867 | 100,00 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 75.000 | 63.000 | 84,00 |




*сл.5 Вкупни расходи сметка Основен буџет*

## *Вкупни тековни оперативни расходи:*

Ставка 401 - Основни плати реализирани се расходи во износ од 6.726.359,00 денари, од вкупно планираните во буџетот 7.003.111,00 денари или 96,05%.

Ставка 402 - Придонеси од социјално осигурување од работодавачите, реализирани се трошоци во износ од 2.566.838,00 денари од вкупно планирани во буџетот 2.697.500,00 денари или 95,16%.

Ставка 404 - Надоместоци реализирани се трошоци од 1.329.249,00 денари од планираните 1.336.660,00 денари или 99,45%.

Ставка 413 - Тековни резерви реализирани трошоци се 245.222,00 денари од планираните 250.000,00 денари или 98,09%.

Ставка 420 - Патни и дневни расходи реализирани се расходи во износ од 46.056,00 денари од планираните 80.000,00 денари или 57,57%.

Ставка 421 - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт реализирани се расходи во износ од 2.698.141,00 денари, од планираните 2.751.000,00 денари или 98,08%.

Ставка 423 - Материјали и ситен инвентар реализирани се расходи во износ од 849.362,00 денари, од планираните 860.000,00 денари или 98,76%.

Ставка 424 - Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во износ од 2.203.702,00 денари од планираните 2.440.000,00 денари или 90,32%.

Ставка 425 - Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 1.475.071,00 денари од планираните 1.490.000,00 денари или 99,00%.

Ставка 426 - Други тековни расходи реализирани се трошоци во износ од 1.183.605,00 денари, од планираните 1.340.000,00 денари во вкупниот буџет или 88,33%.

Ставка 427 - Привремени вработувања, реализирани се трошоци во износ од 1.594.990,00 денари, од планираните 1.600.000,00 денари во вкупниот буџет или 99,69%.

Ставка 463 - Трансфери до невладини организации, реализирани се трошоци во износ од 872.000,00 денари, од планираните 900.000,00 денари или 96,89%.

Ставка 464 - Разни трансфери реализирани се трошоци во износ од 578.709,00денари од планираните 587.380,00 денари или 98,52%.

Ставка 471 - Социјални надоместоци, реализирани се трошоци во износ од 199.888,00 денари од планираните 200.000,00 денари или 99,94%.

***Вкупни капитални расходи:***

Ставка 480 - Купување на опрема и машини, реализирани се расходи во износ од 1.860.795,00 денари од планираните 1.863.000,00 денари или 99,88%.

Ставка 482 - Други градежни објекти, реализирани се расходи во износ од 19.989.867,00 денари од планираните 19.989.927,00 денари или 100,00%.

Ставка 485 - Вложувања и нефинансиски средства реализирани се расходи во износ од 63.000,00 денари од планираните 75.000,00 денари или 84,00%.

***Извршување на расходите на ниво на програма:***

Извршувањето на расходите на буџетската сметка за сите програми е 97,84%. Програмата А0-Совет на општината е извршен 97,26%, програмата Д0-Градоначалник е извршена со 96,36%, програмата Е0-Општинска администрација реализирана со 97,19%, програмата ЕА-Капитални трошоци на општината е реализирана со 86,05%, програмата Ф1-Урбанистичко планирање реализирана е со 100,00%, програмата Ј3-Јавно осветление е извршена со 96,96%, програма Ј5-Јавен локален превоз на патници реализирана е со 98,70%, програма Ј6- Одржување и заштита на локални патишта улици и регулирање на сообраќајот е исполнета со 84,84%, програма Ј7-Одржување и користење на паркови и зеленило со 99,30%, програма Ј8-Други комунални услуги е реализирана со 61,28%, ЈА- Изградба на јавно осветлување реализирана со 99,90%, ЈД0-Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици со 100,00%, ЈГ-Изградба на системи за водоснабдување е извршена 100,00%, ЈЛ-Други комунални услуги (капитални расходи) е реализирана со 99,88%, ЛО-Спорт и рекреација со 100%, ЛА- Спорт и рекреација (капитални расходи) со 99,99%, Н1-Основно образование со 96,69%, , Т1-Унапредување на здравствената заштита со 54,28%, В1- Детски градинки е извршена 76,09%, ВА- Капитални расходи за детски градинки со 99,86% и Х1- Родова еднаквост со 30,00%.

**На сметката Самофинансирачки активности на Општината Градско планирани се и реализирани следните расходи**

| | Планирани | Реализирани | % на реализација |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **95.000** | **22.602** | **23,79** |
| **42 Стоки и услуги** | **95.000** | **22.602** | **23,79** |
| 420 Патни и дневни расходи | **40.000** | **22.460** | 56,15 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 25.000 | 0 | 0,00 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали запоправка | 10.000 | 142 | 0,14 |
| 425 Договорни услуги | 10.000 | 0 | 0 |
| 426 Тековни расходи | 10.000 | 0 | 0 |




**сл.6 Вкупни расходи сметка Самофинансирачки активности**

Вкупни тековно оперативни и капитални расходи за сметката **Самофинансирачки активности** се реализирани со 22.602,00 денари од планираните 95.000,00 денари или 23,79% и тоа:

Ставка 420- Патни и дневни расходи планирани се трошоци од 40.000,00 денари, реализирани се средства во износ од 22.460,00 денари или 56,15%.

Ставка 421- Комунални услуги греење и транспорт планирани се трошоци од 25.000,00 денари, реализирани се 0,00 денари односно 0,00%.

Ставка 423 - Материјали и ситен инвентар планирани се трошоци во износ од 10.000,00 денари реализирани се 142,00 денари или 0,14%.

Ставка 425- Договорни услуги планирани се трошоци во износ од 10.000,00 денари реализирани се во износ од 0,00 денари односно 0,00%.

Ставка 426- Други тековни расходи планирани се трошоци во износ од10.000,00 денари, реализирани се 0,00 денари односно 0,00% - нема реализација.

## На сметката Дотации на Општината Градско планирани се и реализирани следните расходи

| | Планирани | Реализирани | % на реализација |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **34.876.877** | **34.023.468** | **97,55** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **22.722.600** | **22.605.233** | **99,48** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 16.360.400 | 16.275.766 | 99,48 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 6.362.200 | 6.329.467 | 99,49 |
| **42 Стоки и услуги** | **11.082.277** | **10.486.681** | **94,63** |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 3.449.700 | 3.390.011 | 98,27 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали запоправка | 1.412.200 | 1.124.192 | 79,61 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 4.232.177 | 3.987.882 | 94,23 |
| 425 Договорни услуги | 1.662.200 | 1.658.620 | 99,78 |
| 426 Тековни расходи | 326.000 | 325.976 | 99,99 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **345.000** | **331.019** | **95,95** |
| 464 Разни трансфери | 345.000 | 331.019 | 95,95 |
| **48 Капитални расходи** | **727.000** | **600.535** | **82,60** |
| 480 Купување на опрема и машини | 627.000 | 500.535 | 79,83 |
| 483 Купување на мебел | 100.000 | 100.000 | 100,00 |




*сл.7 Вкупни расходи сметка дотации*

## На сметката Донации на Општината Градско планирани се и реализирани следните расходи

| | Планирани | Реализирани | % на реализација |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **532.000** | **283.096** | **53,21** |
| **42 Стоки и услуги** | **497.196** | **248.292** | **49,94** |
| 420 Патни и дневни расходи | 219.840 | 219.840 | 100,00 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 14.565 | 14.565 | 100,00 |
| 425 Договорни услуги | 262.791 | 13.887 | 5,28 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **34.804** | **34.804** | **100,00** |
| 464 Разни трансфери | 34.804 | 34.804 | 100,00 |




*сл.7 Вкупни расходи сметка донации*

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

### 3. Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите насредствата и нивната вредност

Општината при изготвувањето на Завршната сметка покрај Билансот на приходи и расходи изготвува и Биланс на состојба кој е потребно да се преточи во објаснување во овој дел на Извештајот. Податоците кои се утврдени во Билансот на состојбата ја прикажуваат имотната состојба на општината.

За изготвување на Билансот на состојбата пореално беше формирана пописна комисија со решение бр.09-57/1 од 18.01.2023 година од страна на Градоначалник, со цел да ја утврдат состојбата на недвижниот имот, основните средства и ситниот инвентар, како и побарувањата и обврските на Општината.

Пописната комисија за спроведување на попис на основни средства, побарувања и обврски во Општина Градско за 2022 година е во состав:

- Душица Самарџиева- Претседател
- Лилјана Љуткова- член
- Мери Седмакова Димовска- член

Според извештајот на Пописната комисија за спроведување на попис на основни средства, побарувања и обврски во Општина Градско за 2022 година, совесно и одговорно ја извршила својата задача и обезбедила податоци за постоечкиот имот кој се води во евиденцијата на Општина Градско.

Во Билансот на состојба се искажани следните податоци кои се совпаѓаат со извештајот на пописната комисија.

| | |
|---|---|
| **Градежни објекти** | 620.042.348,00 денари |
| Исправка на вредноста | 200.315.820,00 денари |
| **Сегашна вредност на градеж.објекти** | **419.726.528,00 денари** |

Вредноста на градежните објекти се однесува на објекти на општината, Изградба и реконструкција на локални патишта и улици, системи са водоснабдување, фекална канализација, спортски објекти, училишни објекти и други.

| | |
|---|---|
| **Опрема** | 17.420.456,00 денари |
| Исправка на вредноста на опремата | 13.546.073,00 денари |
| **Сегашна вредност** | **3.874.383,00 денари** |

Вредноста на опремата се однесува на превозни средства во сопственост на општината, информатичка технологија, мебел, и друга опрема која е во функција на општинската администрација и одговорното лице на институцијата.

**Други материјални средства** **2.001.575,00 денари**
Исправка на вредноста
на др. материјални средства 833.990,00 денари
**Сегашна вредност** **1.167.585,00 денари**

Другите материјални средства ја евидентираат вредноста на урбанистичкиот план на општината.

Според извештајот на комисија за спроведување на попис на основни средства, побарувања и обврски во Општина Градско за 2022 година се констатираа следните состојби:

Вкупно **парични средсва на жиро сметка** на 31.12.2022 година: **6.513.484,00** денари од кои на :

- Буџетска сметка - 5.789.607,00 денари
- Сметка на наменска дотација - 723.877,00 денари

**Побарувањата се однесуваат на:** побарувања по основ на данок на имот за правни лица во износ од **4.228.976,00 денари**, данок на имот за физички лица е во износ од **1.248.159,00 денари**, побарувања по основ на комунална такса за истакнување на фирма во износ од **2.851.169,00 денари**.

**Краткорочни обврски кон добавувачите во земјата** **1.209.630,00 денари.**
Обврските се однесуваат за отворени обврски за фактурите или ситуации кои се пристигнати во арховата на Општина Градско заклучно со 31.12.2022 година.

**Утужени обврски** **177.843,00 денари.**
Овие обврски се однесуваат на налози за извршување кон Медиа Принт Македонија (во стечај) во износ од 35.203,00 денари и допресметка на камата кон Електрон ББ во износ од 142.640,00 денари.

**Краткорочни обврски према граѓани** **50.000,00 денари.**
Ова се обврски кон стипендираните ученици кои треба да се исплатат во 2023 година согласно одлуката за одобрување на овие средства.

**Други краткорочни финансиски обврски** во износ од **105.933,00 денари.**
Тоа се обврските за бруто износот на надоместок за советниците за месец 12-ти месец 2022 година, кој се исплаќа во јануари 2023 година.

**Пресметка и обврски за бруто плати** **762.883,00 денари.**
Ова е евидентирана обврска за бруто плата за месец 12/2022 година која се исплаќа во месец јануари 2023 година.

**Краткорочни обврски по основ на краткорони кредити и заеми од домашни лица 1.909.916,00 денари.**
Евидентирана обврска за позајмица од централен буџет на РМ.

**Други долгорочни обврски** **22.121.293,00 денари.**
Ова се обврски по основ на склучен договор за Јавно приватно партнерство за замена на уличното осветлување со енергетски ефикасни ЛЕД светилки.

**Во класата 9- Извори на средства и вонбилансна евиденција** **448.799.705,00 денари**.

Во класата 9 се евидентирани сегашните вредности на нематеријалните, материјалните добра, објектите дадени на користење на општината од Владата на Р.М, дел од капиталните инвестиции на општината, изградба и реконструкција на водоводни системи, канализациона мрежа и коловози во општина Градско, објекти и спортски објекти во сопственост на Општина Градско, добиените средства од домашно задолжување, возниот парк на Општина Градско , опремата , канцелариски мебел и др.

## 1.Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските,капиталните и блок дотации за делегирани надлежности

Извештајот за реализација на инвестиционите програми ја содржи групата 48 Капитални расходи или ставката 482 која ги опфаќа: подготвување на проекти за улици, патишта, пречистителни станици, водоводи, енергетика и други објекти,изградба и реконструкција на улици и патишта, изградба и реконструкција на водоводи, изградба и реконструкција на пречестителни станици, изградба и реконструкција на капацитети во енергетиката и е реализирана во износ од **22.514.197,00 денари**.

| | |
|---|---|
| 480 - Купување на опрема и машини | 2.361.330,00 денари |
| 482 - Други градежни објекти | 19.989.867,00 денари |
| 483 - Купување на мебел | 100.000,00 денари |
| 485 - Вложувања и нефинансиски средства | 63.000,00 денари |

Меѓу реализираните капитални инвестиции на Општина Градско во 2022 година се следните:

- **Изградба на дел од улица Староградска во должина од 220 метри во Долно Градско**, Општина Градско – инвестиција со вкупна вредност од 1.067.335,00 денари реализирана од страна на фирмата ГРАДБА ПРОМЕТ Кавадарци, со датум на набавка 31.12.2021 година;
- **Реконструкција на улица Илинденска 1 фаза со атмосферска канализација во Градско**, Општина Градско – инвестиција со вкупна вредност од 3.061.716,00 денари реализирана од страна на фирмата МИ-КОМЕРЦ 2000 Кавадарци, со датум на набавка 14.01.2022 година;
- **Реконструкција на улица Илинденска 2 и 3 фаза со атмосферска канализација во Градско** – инвестиција со вкупна вредност од 4.340.988,00 денари реализирана од страна на фирмата МИ-КОМЕРЦ 2000 Кавадарци, со датум на набавка 25.01.2022 година;
- **Реконструкција на улица Илинденска 4 фаза со атмосферска канализација во Градско** – инвестиција со вкупна вредност од 1.286.564,00 денари реализирана од страна на фирмата ЛЕНДИ ГРУП ДООЕЛ Скопје, со датум на набавка 27.12.2022 година;

- **Изградба на улица 4 во с.Виничани**, Општина Градско – инвестиција со вкупна вредност од 1.286.564,00 денари реализирана од страна на фирмата МИ-КОМЕРЦ 2000 Кавадарци, со датум на набавка 12.05.2022 година;
- **Реконструкција на улица Панко Брашнаров со атмосферска канализација во Градско** – инвестиција со вкупна вредност од 1.945.136,00 денари реализирана од страна на фирмата ПАВЕР ТРЕЈД ДООЕЛ Кавадарци, со датум на набавка 12.05.2022 година;
- **Партерно уредување на две селски чешми во с.Виничани, Општина Градско** – инвестиција со вкупна вредност од 932.542,00 денари реализирана од страна на фирмата ЕКО - ДРИП ДООЕЛ Росоман, со датум на набавка 13.06.2022 година;
- **Реконструкција (со поставување на тартан подлога и нови кошеви) на кошаркарско игралиште во централниот парк во Градско** – инвестиција со вкупна вредност од 1.275.202,00 денари реализирана од страна на фирмата ИНТЕКО ДООЕЛ Скопје, со датум на набавка 09.12.2022 година;
- **Набавка на двострана мортална комора** во вкупна вредност од 255.234,00 денари по фактура бр.2/22 од 10.03.2022 година од фирмата ФРИГО ЛУКА ДООЕЛ Битола;
- **Набавка на парно со котел на пелети за потребите на детската градинка** во Градско, во вкупна вредност од 679.070,00 денари по фактура бр.0051/1 од 25.10.2022 година од фирмата ФРИГОВАК ДООЕЛ Велес, оваа инвестиција е донација од Амбасадата на Република Полска во Македонија;
- **Набавка, транспорт и монтажа на мобилни тоалети (количина 2 броја х 112.100,00)** во вкупна вредност од 224.200,00 денари по фактура бр.05-24/22 од 08.07.2022 година од фирмата СТИЛ КОНСТРАКШАН Прилеп;
- **Набавка и инсталација на опрема за контрола на нивото на водата во системот за водоснабдување во Градско** во вкупна вредност од 129.800,00 денари по фактура бр.1097414 од 24.08.2022 година од фирмата ЕЛЕКТРОПРОМЕТ ВИН Скопје;
- **Набавка и инсталација на опрема за контрола на нивото на водата во системот за водоснабдување во Градско** во вкупна вредност од 99.120,00 денари по фактура бр.1097241 од 03.06.2022 година од фирмата ЕЛЕКТРОПРОМЕТ ВИН Скопје;
- **Изградба на патен правец од село Долно Чичево до Манастир Архангел Михаил во Градско дел.3** – инвестиција со вкупна вредност од 5.769.569,00 денари реализирана од страна на фирмата МАЉОКУ с.Гошинце Липково , со датум на технички прием од 23.06.2022 година - проект реализиран преку Центарот за развој на Вардарски плански регион;

Резултатите во 2022 година не ќе беше можно да бидат постигнати без соодветна подршка на Советот на Општина Градско. Советот одржа вкупно 12 редовна и 1 вонредна седница. Навременото и ефикасно донесување на одлуките позитивно влијаеше врз реализацијата на програмите на Општината.

Постигнатото го реализираше општинската администрација, организирана во 5 (пет) одделенија.

**Бр.08-123/4**
**28.02.2023 год.**
**Градско**

**Одделение за финансиски прашања**
**на Општина Градско**